Location:ЈП Службен весник на РСМ
Contact:contact@slvesnik.com.mk
Date:28.12.2022 21:44:31
Reason:Документ со електронски печат
CN=JP Sluzben vesnik na RSM, O=JP Sluzben vesnik na Republika Severna Makedonija, OID.2.5.4.97=NTRMK-4054857, OU=VAT - 4030987108771, C=MK

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## на Република Северна Македонија

**Број 286** **28 декември 2022, среда** **година LXXVIII**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

СОДРЖИНА

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 4304. | **Уредба** за утврдување на посебните специјалности од особено значење за Армијата на Република Северна Македонија ........................................ | 2 |
| 4305. | **Одлука** за одобрување на работењето на Управниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје....... | 7 |
| 4306. | **Одлука** за одобрување на работењето на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје....... | 8 |
| 4307. | **Одлука** за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност – Кавадарци ........ | 8 |
| 4308. | **Одлука** за иземање од стопанисување на недвижни ствари од Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје ........................ | 9 |
| 4309. | **Програма** за изменување на Програмата за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко-консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на правото на социјална парична помош како и на членовите на нивните домаќинства во Република Северна Македонија за 2022 година .................... | 10 |
| 4310. | **Програма** за изменување на Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Северна Македонија за 2022 година ........... | 10 |
| 4311. | **Програма** за изменување на Програмата за организирање и унапредување на крводарителството во Република Северна Македонија за 2022 година....................................... | 12 |
| 4312. | **Програма** за изменување на Програмата „Здравје за сите“ за 2022 година .... | 13 |
| 4313. | **Програма** за изменување на Програмата за обезбедување инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење шеќер и едукација за третман и контрола на дијабетесот за 2022 година .................................... | 15 |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**4304.**

Врз основа на член 211 став (2) од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19, 275/19, 14/20 и 171/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 27 декември 2022 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОСЕБНИТЕ СПЕЦИЈАЛНОСТИ ОД ОСОБЕНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа уредба се утврдуваат посебните специјалности од особено значење за Армијата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Армијата).

Член 2

Посебни специјалности од особено значење за Армијата претставуваат работните места, односно должностите во командите и единиците на Армијата, и тоа:

1. Работните места и должностите на штабен персонал во Генералштабот на Армијата и Министерството за одбрана (во натамошниот текст: Министерството).

2. Работните места и должности на штабен персонал во Командата за операции, Командата за обука и доктрини и Логистичката база.

3. Работните места и должности во воеництво воздухопловство:

3.1.Летачи-пилоти:

3.1.1.Пилот на борбени и извидувачки хеликоптери, тешки и средни транспортни хеликоптери, лесни школски авиони и хеликоптери, лесни авиони за општа намена и лесни транспортни авиони:

- I категорија на стручна и борбена оспособеност,
- II категорија на стручна и борбена оспособеност,
- III категорија на стручна и борбена оспособеност.

3.1.2.Слушател-пилот.

3.2 Друг летачки персонал:

3.2.1. Оператор навигатор и техничар – оператор - навигатор:

- I категорија на стручна и борбена оспособеност,
- II категорија на стручна и борбена оспособеност,
- III категорија на стручна и борбена оспособеност.

3.2.2. Специјалист летач.

3.2.3. Слушател летач (освен пилот).

3.3.Воен воздухопловно–технички персонал:

3.3.1. Воено воздухопловен инженер:

а) за контрола на квалитет,

б) за техничка подготовка (за одржување во прв и втор степен и опслужување на воздухоплови и снабдување со ВТМС).

3.3.2. Воено воздухопловен техничар:

а) Воено воздухопловен инструктор за практична настава:

- за одржување во прв и втор степен,
- за опслужување на воздухоплови и снабдување со ВТМС.

б) Воено воздухопловен технички контролор:

- за прв и втор степен на одржување,
- за опслужување на воздухоплови и снабдување со ВТМС.

в) Воено воздухопловен техничар:

- за прв и втор степен на одржување,
- за опслужување на летањето.

г) Воено воздухопловен помошник техничар:

- за прв и втор степен на одржување,
- за опслужување на воздухоплови и снабдување со ВТМС.

3.4. Друг стручен персонал за обезбедување на летањето:

3.4.1. Контролор на летање,

3.4.2. Воздухопловен метеоролог,

3.4.3. Персонал за противпожарно обезбедување на летањето:

- Пожарникар – инструктор,

- Пожарникар.

3.5. Специјалист за наведување на воздухоплови (JTAC).

4. Падобранец.

5. Работни места и должности од доменот на командување и контрола со воздушниот простор:

5.1. Офицери:

- главен контролор (Master Controller - MC),

- менаџер за радарско сметачки средства,

- менаџер за поврзување и дистрибуција на RAP (Recognized Air Picture).

5.2. Подофицери:

- оператор за продукција на трагови (Track Producing Operator - TPO),

- асистент за продукција на трагови (Track Producing Operator Assistant – TPOA),

- оператор за идентификација (Identification Operator – IDO),

- асистент на оператор за идентификација (Identification Operator Assistant – IDO/A),

- оператор за цивилно – воена координација (CIMIC Operator),

- техничар за радарско сметачки средства,

- техничар за непрекидни извори за напојување,

- техничар за поврзување и дистрибуција на RAP.

5.3. Професионални војници:

- тракер (Tracker),

- помошник техничар за радарско- сметачки средства,

- техничар за непрекидни извори за напојување,

- помошник техничар за поврзување и дистрибуција на RAP.

6. Работни места и должности во против-воздушната одбрана:

6.1 Оператор со систем за ПВО,

6.2. Оператор на радарско-сметачко средство во ПВО,

6.3. Оператор за контролно-испитно проверувачки систем на ПВО.

7. Работни места и должности во баталјонот за специјални сили:

7.1. Командант на баталјонот за специјални сили,

7.2. Началник на штаб – заменик на командант во баталјонот за специјални сили и вод за сервисна поддршка,

7.3. Припадници на командата и штабот во баталјонот за специјални сили,

7.4. Припадници на чети за специјални сили во баталјонот за специјални сили и вод за борбена поддршка,

7.5. Нуркач,

7.6. Ново примени припадници во баталјонот за специјални сили.

8. Работни места и должности во извидувачко – разузнавачкиот баталјон.

9. Работни места и должности во баталјонот на Воена полиција:

9.1. Командант на бВП, командир на чета во ВП, заменик командир на чета во ВП, командир на вод на ВП, командир на одделение на ВП, командир на одделение за сузбивање на криминалитетот/истраги на кривични дела и компјутерски криминал во одбраната, командир на вод за техничка заштита и обезбедување, командир на одделение за техничка заштита и командир на одделение за противдиверзиона заштита,

9.2. Началник на штаб во бВП, штаб, останати во командата, останати во командата во чета на ВП, останати во водови и одделенија на ВП, останати во одделение за сузбивање на криминалитетот/истраги на кривични дела и компјутерски криминал во одбраната, извршител и помошник извршител за техничка заштита и извршител и помошник извршител  за противдиверзиона заштита.

10. Работни места и должности во останати извидувачки единици:

10.1. Командир на вод, командир на одделение,

10.2. Припадници на одделенија.

11. Работни места и должности на припадници на Армијата во Сектор К-4 во Министерството за одбрана и во секциите Ј-6, Г-6, А-6 и С-6 од областа на информатичките технологии, сајбер одбраната и криптозаштита:

11.1. Раководител на Сектор К-4,

11.2. Помошници на раководителот на Секторот К-4 и началник на Ј-6 во Генералштабот на Армијата,

11.3. Раководители на одделенија во Секторот К-4, началник на Ј-6 во Командата за операции и началници на одделенија во Ј-6 во Генералштабот на Армијата,

11.4. Началник на С-6 во Логистичката база, началник на Г-6 во Командата за обука и доктрини и началници на одделенија во Ј-6 во Командата за операции,

11.5. Началник на А-6 во вВИНГ, началник на С-6 во бригада и командант на баталјон за врски,

11.6.Други места и должности во Секторот К-4 во Министерството за одбрана и во Секциите Ј-6, Г-6, А-6 и С-6 во Армијата,

11.7.Должности на персонал кој работи со НАТО специјални документи за криптозаштита:

- Офицери за информациска безбедност и криптозаштита (COMSEC officer),

- Крипто старател (Crypto Custodian).

11.8.Должности на персонал за администратори на информатички технологии и безбедност:

- Главен систем администратор во Армијата,

- Администратор за информатичка безбедност и сајбер одбрана,

- Администратор на системи и мрежи,

- Админстратор на функционален сервис,

-Мрежен администратор и техничка поддршка.

11.9. Должности на персонал кој работи со национални специјални документи за криптозаштита:

- Офицери за криптозаштита,

- Подофицер/администратор за криптозаштита,

- Подофицер/професионален војник – оператор за криптообработка.

11.10. Должности на персонал кој работи во сајбер оперативниот центар (СаОЦ) и воениот центар за компјутерски инциденти (MIL-CIRT):

- Персонал одреден за управување со процеси во СаОЦ или MIL-CIRT,

- Персонал одреден за работа во СаОЦ или MIL-CIRT.

11.11. Должности на персонал кој работи во областа на телекомуникациите:

- Администратор на телефонски системи и радио технологии.

12. Должности на стационарни јазли за врски: СЈВ Солунска глава, СЈВ Водно, СЈВ Пљачковица.

13. Должности во Центарот за електронско извидување.

14. Работни места и должности во Сектор-Служба за  безбедност и разузнавање во Министерството и во секциите Ј-2, Г-2, А-2 и С-2 во Армијата:

14.1. Раководител на Сектор - Служба за воена безбедност и разузнавање,

14.2.Помошник на раководителот на Сектор-Служба за воена безбедност и разузнавање, началници на Ј-2 во Генералштабот на Армијата, Ј-2 во Командата за операции,

14.3.Раководители на одделенија во Сектор-Служба за воена безбедност и разузнавање, началници на одделенија во Ј-2 во Генералштабот на Армијата и Ј-2 во Командата за операции, началници на С-2 во 1. пешадиска бригада, С-2 и Г-2 во Команда за обука и доктрини, логистичка база и А-2 во вВИНГ,

14.4.Началници на секции во А-2 и С-2 на ниво баталјон и офицери за сајбер безбедност во Сектор-Служба за воена безбедност и разузнавање,

14.5. Овластени службени лица во секциите на Ј-2 во Генералштабот на Армијата и Командата за операции , оперативниот центар  на Командата за операции и во Одделението за специјални операции во Генералштабот на Армијата и сите останати воени лица во Сектор-Служба за воена безбедност и разузнавање.

15.Работни места и должности на наставно – научен, наставен и соработнички персонал на Воената академија:

15.1. Воени старешини распоредни како наставно научен, наставен и соработнички персонал во звање:

- редовен професор,
- вонреден професор,
- доцент,
- виш предавач,
- соработник, предавач, виш лектор,
- лектор.

15.2. Воени старешини распоредени на изборни функции:

- декан,
- продекан,
- секретар,
- раководител на сектор/катедра/лабораторија,
- координатор на ЕКТС.

16.  Воен и цивилен персонал на служба во Армијата кој извршува должности или работи како здравствен работник и здравствен соработник:

16.1. Здравствени работници: лекар-специјалист, фармацевт-специјалист, стоматолог-специјалист, доктор на медицина, доктор по воздухопловна медицина, дипломиран фармацевт, доктор на стоматологија, медицински техничар, стоматолошки техничар, фармацевтски техничар, лабораториски техничар и РТГ техничар,

16.2. Здравствени соработници: психолог-специјалист, специјалист по санитарна хемија, психолог, дефектолог, физичар и биохемичар,

16.3. Здравствени работници или здравствени соработници, упатени на стручно оспособување и усовршување за потребите на службата (специјализација).

17. Персонал кој извршува должности во единица на Армијата-Лесна пешадиска баталјонска група, наменета за учество во мисии и операции на Организацијата на Северноатлантскиот договор (НАТО), операции во примената на правото на индивидуална или колективна самоодбрана и операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност.

18. Работни места и должности во Центарот за одгледување и дресура на кучиња во Армијата:

- командир, главен инструктор и инструктор-дресер,
- ветеринарен техничар,
- водач или одгледувач на службено куче (професионален војник или цивилен персонал, кои не се ветеринарни техничари).

19. Работни места и должности на дипломирани ветеринари во Армијата.

20. Работни места и должности на тимови за неексплодирани убојни средства (НУС):

20.1. Припадници на тимови за уништување на НУС,

20.2. Припадници на тимови ангажирани за пребарување на терен,

20.3. Припадници на тимови ангажирани за делаборација на муниција и минско-експлозивни средства (МиМЕС),

20.4. Припадници на тимови за контролно-технички преглед на муниција и минско- експлозивни средства (КТП на МиМЕС).

21. Работни места и должности во инженериски баталјон:

- Пионери, пионер/ракувач на специјални инженериски возила за пронаоѓање на мини/НУС/ИЕН, возачи на оклопно возило за уништување и онеспособување на ИЕН и НУС,

- Ракувачи на инженериски машини и возачи на влечен воз за инженериски машини и возачи на моторни возила самоистоварувачи.

22. Работни места и должности во гардиска чета и во воениот оркестар.

23. Специфичните должности од особено значење за Армијата, зависно од должноста и условите под кои се врши службата, на лицата со посебни специјалности од особено значење за ракување и одржување на борбената техника и вооружување се определуваат во три групи:

23.1. Група на специфични должности:

- механичар, техничар, електроничар, дијагностичар, електромеханичар, електроничар, пиротехничар и

- други должности на кои се вршат работи и задачи на технички прегледи и поправки на целокупни сложени системи за вооружување, комуникација, муниција и борбени возила:

а. воздухопловна техника, артилериски системи, ракетни системи, радарски системи,

б. пешадиско вооружување и сите видови на муниција,

в. високи фрекфренции (вф), многу високи фрекфренции (вхф), радио релејни (РР), прислушна опрема и сложени електронски системи, централи и стационарни системи за врски, информатичка опрема и мрежи, оптика и оптоелектроника, инфрацрвени (ИЦ) уреди и опрема,

г. борбени возила и инжињериски машини (тенкови, оклопни транспортери, и други видови борбени возила).

23.2. Група на специфични должности:

- механичар, електромеханичар, техничар, оператор, автоматичар,

- други должности на кои се вршат работи и задачи на изработка и обработка, технички преглед и поправка на поединечни делови од сложени системи за вооружување, комуникација, борбени возила, системи за ладење и безбедност на посебно обезбедени простории (стационарни центри за врски, командување):

а. метални и неметални материјали и делови од функционални единици,

б. погонски системи,

в. хидраулика и контролирани системи за напојување со гориво под висок притисок (бошпумпи и сл),

г. трансмисија,

д. термо и разладна техника,

ѓ. електро техника,

е. агрегати и извори за напојување.

23.3. Група на специфични должности:

- техничар, механичар, автолимар, ракувач, алатничар,

- други должности на кои се вршат технички прегледи и поправки на поединечни делови од сложени системи за вооружување, борбена техника и комуникации како и ракување и манипулација со истите:

а. на системи за стопирање,

б. заварување и спојување на материјали,

в. ракување на технички материјали и делови, г. на горива и подмачкувачи,

д. изработка и поправка на дрвени, платнени и гумени делови од борбена техника и опрема,

ѓ. транспорт-возач на борбена техника,

е. обнова на заштитни намази и камуфлажи.

24. Специфични должности во организационите единици на Армијата во кои се врши ракување и одржување на борбената техника и вооружување, во зависност на нивото на ракување и одржување на борбената техника и вооружување, се определуваат како организациони единици од прв и од втор степен:

24.1.Организациони единици од прв степен:

- Воздухопловен - Воздухопловно извидувачка нападна група (ВИНГ),
- Технички ремонтен центар,
- Центарот за електронско извидување,
- Техничка работилница при Здружената Оперативна Команда (ЗОК - баталјон за врски),
- Централно складиште за муниција Еребино,
- Централно складиште Метеор,
- Стационарни центри за врски.

24.2.Организациони единици од втор степен:

- Логистички баталјони,
- Техничка работилница при гардиска единица.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 41-11603/4
27 декември 2022 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.

__________